# ИНФОРМАТОР

vitaminka.company

Бр. 29 јули 2023




Фокус на

## Симон Наумоски панелист на првата конференција „Чувари на мудроста"

*Стр. 4*

Фокус на ...

## Витаминка избрана за најпосакуван работодавач меѓу македонските компании

*Стр. 5*

Издвојуваме

## Што сакаат потрошувачите истражуваат економистите од факултетите во Скопје и Прилеп

*Стр. 16*

# СОДРЖИНА










Стр. 6

**Во кризната 2022 година раст на продажбите и голем пад на профитабилноста**

Стр. 7

**Современа кујна и менза, според напредни стандарди**

Стр. 10

**Витаминка ги вработи првите кадри со дуално образование од профилот за индустриска мехатроника**

Стр. 15

**Циркуларната економија во фокусот на учениците од средните училишта**

Стр. 19

**Нихон-џи 2.0 - културата на новото време**

Стр. 25

**Цевитана даде дополнителна енергија на Балканското првенство во џудо**

*За почеток*









*Фокус на ...*

# Симон Наумоски панелист на првата конференција „Чувари на мудроста"



Со голем интерес и внимание се одржа првата конференција „Чувари на мудроста" во организација на Халкбанк АД Скопје. Додека на сцената имаше големи експерти со непроценливо животно искуство, мудрост и знаење, во публиката беа младите, кои се вистински жедни за од нив да научат. Целта на оваа иницијатива беше отворање на патот за мудроста, вредностите подржани со дела и конкретни акции, допрат до младите и давање можност тие да ги научат овие мудрости на интересен и интерактивен начин. Во присуство на околу 300 посетители панелистите Никола Пановски, Симон Наумоски, Таки Фити, Благој Чоревски, Винка Саздова, Костадин Танчев Динка, Катерина Цаневска и Лилјана Грџо Дамовска ги споделуваа своите животни искуства со младите, им раскажуваа анегдоти од кои може да научат нешто, им даваа мудри совети.

За панелисти беа избрани еминентни и докажани имиња кои со своето знаење, избор и мудрост придонеле и оставиле трага во сферата на економијата, културата и комуникациите.

Симон Наумоски го раскажа својот животен пат, од школувањето во родниот Прилеп, преку студирањето на Технолошко-металуршкиот факултет и вработувањето во фабриката позната како Пиперана која прераснува во Витаминка, една од најуспешните компании во Македонија. Тој вели, кога ќе ги видиш проблемите си правиш сам концепт како да почнеш да ги решаваш. Затоа, многу е важно на секој факултет барем еден семестар да се изучуваат основи на економијата.

*-Јас лутав низ светот за да купам идеја и да ја искористам во работата. Работев по 16-18 часа. Кога ќе ми зовриеше во глава, излегував и шетав низ полињата за да најдам решение за проблемот. Учете, многу да учите, од тоа зијан нема, и немојте никогаш со лаги да се служите -* порача Наумоски на публиката.

Аплаузи, смеа, воодушевување и многу љубопитни прашања се редеа за секој од панелистите. Панелот „Чувари на мудроста" беше спој на двете исклучително важни генерации за нашето општество, а воедно и докажа дека годините никако не се пречка, туку извор на мудрост кој треба да го почитуваме.




*Фокус на ...*

# Витаминка избрана за најпосакуван работодавач меѓу македонските компании

Витаминка ја доби наградата Најпосакуван работодавач за 2022 година меѓу македонските компании за производство на храна. Изборот на Витаминка како компанија каде младите би започнале професионална кариера следи по анкетата спроведена од Vrabotuvanje.com.mk. на која одговориле 1 138 испитаници, посетители на сајтот.

Наградувањето и изборот за најпосакуван работодавач меѓу силна конкуренција значи дека Витаминка е компанија каде високо се ценат човечките и професионалните квалитети.




*„Вреднувањето на вработените во Витаминка започнува со градењето на меѓучовечките односи така што функционираме како големо семејство каде секој вработен е рамноправно ценет и вреднуван. Создадовме одлични услови за работа, можности за личен и професионален напредок, бројни поволности и бенефиции за вработените, но и грижа за здравјето и добросостојбата на вработените со спроведување здравствени прегледи, продолжено породилно отсуство и други мерки со кои се зголемува задоволството кај вработените*




*и се стимулираат семејните вредности. Како дел од ова наше семејство секој вработен претставува најголема вредност. Затоа и понатаму ќе продолжиме да бидеме тоа што сме денес, да го зголемуваме нашето Витаминка семејство и да станеме подобри и поголеми. Оваа награда е поттик да го надминеме постигнатото",*
истакна Симона Симоновска, шеф на маркетинг во Витаминка на доделувањето на наградите.

Во изборот за Најпосакуван и Најдобар работодавач беа вклучени македонските компании од прехранбената индустрија. Наградата беше доделена на свеченоста по повод одбележувањето 20 години постоење на Vrabotuvanje.com.

*Фокус на ...*

# Во кризната 2022 година раст на продажбите и голем пад на профитабилноста

Раст на продажбите дома и во странство, но и големо намалување на профитабилноста заради високите трошоци во работењето, ја одбележаа 2022 година. Според објавените финансиски неконсолидирани извештаи на Македонска берза Витаминка изминатата 2022 година остварила вкупни приходи од продажба од 61,4 милиони евра, што е раст од 27% во споредба со претходната 2021 година.

Околу две третини од приходите од продажба или 67% се остварени од продажби на домашниот пазар, кои лани бележат раст од 32% и изнесувале 41,1 милиони евра. Извозот, односно продажбите во странство учествуваат со 33% во вкупните продажби и лани бележи раст од 16%, достигнувајќи 20,3 милиони евра.

Оперативните расходи на Витаминка во 2022 година се зголемени за 29% и изнесувале 63,8 милиони евра, што пред сè се должи на растот на цените на репроматеријалите, растот на енергенсите и растот на стапката на инфлацијата.

Заради големиот раст на трошоците во работењето, Витаминка изминатата 2022 година ја завршила со големо намалување на оперативна добивка, која изнесувала само 60 илјади евра, што е пад од 95% во споредба со 2021 година, кога компанијата работела со оперативна добивка од 1,2 милиони евра.

Исто така, во 2022 година беше инвестирано близу 2 милиони евра во опрема, недвижен имот, градежна реконструкција и адаптирање.

*Актуелно кај нас*

# Современа кујна и менза, според напредни стандарди

Инвестициите во вработените и во подобрувањето на условите на работното место во Витаминка продолжуваат во континуитет. Последната таква инвестиција и голема промена е направена во компаниската кујна и мензата. Комплетно е изменет изгледот на мензата и кујната со што значително се подобрени условите за дневниот оброк на вработените а и зголемен е целосниот капацитет.
На површина од 400 метри квадратни колку што зафаќа целиот простор во делот за кујната инсталирани се нови апарати и кујната е опремена со нови хромирани елементи. Делот каде што јадат вработените, мензата на расположливите 160 метри квадратни сега се достапни 124 места за јадење, распоредени на маси со доволно простор за слободно движење и јадење. Кујната од мензата е одделена со витрина на греење од каде вработените може самите по желба да се послужат.

Промената на кујната и мензата е направена според најновите стандарди за квалитет и соодветно ХАССАП сертификатите за безбедност на храната.







*Издвојуваме*

# Повторно меѓу водечките компании во кондиторската индустрија на саемите ISM во Келн и во Атина

Витаминка и овој пат својот асортиман го претстави на саемот ISM Келн, во Германија еден од најважните настани за кондиторски производи и закуски. За најголемиот македонски производител во прехранбената индустрија, присуството во Келн е можност за стекнување нови пазари, но и за следење на новите трендови во индустријата.

„ISM Келн претставува собир на најголемите и најзначајните компании од секторот и тука се презентираат трендовите, иновациите и перспективите во оваа индустрија. Освен иницијалните контакти, воспоставување релации и партнери за нови пазари, ова е главниот фокус на нашето присуство тука и очекувани придобивки. Дополнително како компанија од Македонија со претставувањето на производите на Витаминка го промовираме и македонското производство и прехранбената индустрија во земјава, што е дополнителна предност. И оваа година нашето претставување помина успешно и ја исполнивме целта“, изјави Љупчо Велески, директор на извоз во Витаминка.

Саемот ISM ги спојува сите релевантни целни групи, како малите, средните компании но и лидерите на пазарот со меѓународни деловни групи заинтересирани за соработка. Присутни се повеќе од 1200 изложувачи од повеќе од 70 земји од целиот свет.

Во овој период Витаминка ја изложи својата производна програма и на Food Expo 2023, во Атина, Грција каде ги покажа своите производи пред илјадници професионалци од трговија на мало, големо и угостителство од Грција и странство. Беше претставена благата програма, намази, сосови, масло за јадење, супи и зачини и додатоци за јадење. Food Expo во Атина е наменет за производители на храна, супермаркети, хипер маркети, кетеринг сервиси, увозници на храна и вино, трговци на големо и дистрибутери. Од разновидноста на понудата и учесниците произлегува и неговата големина и значење за една компанија што вложува во својата експанзија, да биде дел од ова големо случување. Искуството од досегашното присуство на Витаминка на овој саем покажа дека, покрај комерцијалниот успех што со толкаво големо присуство на саемот е загарантиран, уште и со воспоставените релации влијае позитивно и на развојната стратегија и плановите за раст на компанијата и тоа во секој аспект, дали со пазарно или со производно проширување.

Изложувачите на Food Expo беа производители на маслиново масло, млечни производи, деликатесни производи и вино, од месната индустрија, органски производи, конзервирана и замрзната храна. На простор од 50 000 метри квадратни, беа присутни 1 300 изложувачи, водечки компании за производство и преработка на храна и пијалаци, а во текот на викендот саемот го посетија над 35 000 посетители.




VITAMINKA
VITAMINKA


VITAMINKA
VITAMINKA
STOBI FLIPS


VITAMINKA


VITAMINKA
VITAMINKA



*Издвојуваме*

# Витаминка ги вработи првите кадри со дуално образование од профилот за индустриска мехатроника

Тројца кандидати од првата генерација ученици запишани на образовниот профил за дуално стручно образование по германски модел, добија вработување во Витаминка. Избрани се ученици кои на насоката Техничар за индустриска мехатроника, во СОУ „Ристе Ристески-Ричко" Прилеп, покажаа особен успех, интерес и иницијатива за работа во ова поле.
Со влегување во Витаминка тие го започнуваат својот професионален пат во услови што веќе им се познати и за кои што поседуваат почетни потребни квалификации.



Витаминка е поддржувач на процесот за имплементација на дуалното образование со цел примена на докажани и корисни практики во образованието и индустријата. Компанијата ги отвори вратите за учениците и преку моделот на практична работа ги оспособи во едуцирани технички кадри што се подготвени за пазарот на трудот. Во изминатите неколку години, почнувајќи од втора година, пет ученици од првата генерација беа вклучени во практична настава во компанијата. Во втората година од средното образование учениците доаѓаа осум часа во неделата на практична настава, додека во наредните две години учениците имаа по шеснаесет часови организирана практична настава поврзана со образовниот профил, реализирана од сертифицирани ментори. Учениците имаа уникатна можност да се запознаат со процесите на работа, практично да ги совладуваат наставните единици и активно да партиципираат во одредени активности кои што се од значење за нивното стручно оспособување. Во текот на учењето, компанијата обезбеди соодветен надоместок и други потребни услови за успешно спроведување на наставата.



Витаминка АД Прилеп продолжува активно да партиципира во програмата за дуално образование, обезбедувајќи практична настава и целосна поддршка уште на петнаесетина други ученици од профилот Техничар за индустриска мехатроника.

*Издвојуваме*

# Десетдневен одмор за децата од СОС Детско село

Важиме за компанија за која еден од приоритетите при функционирањето е да делува за заедницата од која што е дел. На тој начин, и оваа година овозможивме десетдневен летен одмор за деца 60 штитеници до 18 години од СОС Детско село Македонија.
Во текот на летувањето, децата имаат можност да истражуваат нови хоризонти, да уживаат во незаборавни искуства и да создадат нови спомени. Заедно со тимот вработени од СОС Детско село Македонија претходно дизајнираме план за активности полн со образовни и рекреативни програми за да се осигураме дека нивното летување ќе биде збогатено на сите нивоа. Од посети на културни знаменитости, до забавни игри, нашата цел беше да им обезбедиме моменти за паметење што ќе ги задоволат нивните потреби и желби.

Во исто време, ние имаме целосно разбирање за нивните емоционални и физички барања и затоа една од нашите цели беше и да се чувствуваат важни и ценети, бидејќи веруваме дека секое дете заслужува среќно детство.
Витаминка се залага за правење позитивна промена во животите на секој поединец и тоа ќе биде нашиот фокус и во иднина.

*Обуки и собранија*

# Правниците по корпоративно право на годишно собрание во Витаминка

Витаминка беше домаќин на одржувањето на второто годишното собрание на Македонската асоцијација на корпоративни правници, избрана по принципот на ротирање воспоставен од самата Асоцијација. Витаминка беше претставувана од правниот тим предводен од Орде Ѓорѓиоски.
Правниците од МАКП на годишното собрание дискутираа за актуелните теми од областа на корпоративното право како и за идните активности на МАКП и понатамошниот развоі и дејствување. Исто така, една од точките на годишното собрание беше и изборот на секретар и член на Управниот одбор.
По исполнување на дневниот ред членовите на МАКП беа во посета на еден од производните погони на Витаминка, каде им беше претставен процесот на производство на чоколада и дегустација на највкусните чоколади.



Во изминатиот период вработени на Витаминка беа дел од обуки за личен, професионален и тимски развој. Во организација и едукација од страна на професионалните тренинг центри Adizes и Мотива, обуките беа различно водени односно се применуваа различнои методи на презентирање, принципи на работа и слично.  Беа моделирани за да може да одговорат на потребите на вработените и нивните професионални профили.



Се обработуваа повеќе теми како Комуникација, Лидерство, Тимска работа, Управување со времето, Работа со тешки клиенти, Делегирање на задачи. Со сеопфатноста, повеќеслојноста и различниот пристап двете обуки овозможија унапредување и усовршување на работата на учесниците што допрва треба да ги даде резултатите во работата.



Учесниците имаа можност да научат многу од професионалните тренери и останува на нив колку од она што го научиле ќе го применат.



Во витаминка

# Бесплатни ехо-прегледи на дојка и тироидна жлезда за 300 жени вработени во Витаминка

Како општествено одговорна, но уште повеќе семејно одговорна компанија и која се грижи за благосостојбата на своите вработени, Витаминка обезбеди бесплатни ехо-прегледи на дојка и тироидна жлезда за над 300 жени вработени во компанијата. Прегледите се спроведуваа во просториите на самата компанија, за што беше донесена потребната опрема, ехо-апарат и медицински персонал за спроведување на прегледите од ПЗУ Интермед арт од Скопје. Вработените кои се пријавиле за преглед, по ехо анализата се консултираа и со медицинско лице и добиваа совети за понатамошни прегледи и за важноста на превентивното дејствување. Здравствените прегледи беа наменети за вработените од Прилеп, Штип и Скопје, општини каде компанијата има свои работни простории.

Бесплатните ехо-прегледи е активност што Витаминка ја спроведува по вторпат со намера да прерасне во редовна пракса.
„Грижата за здравјето на сите вработени отсекогаш била приоритет број еден за Витаминка. Оваа активност ја реализираме со цел да придонесеме за здравствената добросостојба на жените од сите возрасти вработени во компанијата и да апелираме за поголема здравствена грижа. Преку бесплатниот ехо-преглед на дојка и тироидна жлезда ќе поттикнеме на самосвесност за потребата од редовни прегледи и ќе ги охрабриме за поголема грижа и свесност за сопственото здравје. Веруваме дека со еден ваков чекор ќе ја подигнеме свеста за грижа за здравјето, за превенција од рак на дојка и ќе ги мотивираме и останатите компании и организации да вложуваат во своите вработени“, велат од компанијата.

Витаминка како општествено одговорна компанија се грижи за вработените преку преземање конкретни чекори за добросостојбата на вработените. Оваа активност е уште една од низата практики за заштита и унапредување на безбедноста и здравјето во работењето.



*Во витаминка*

# Нашите производи беа кулинарска инспирација за Шеф Марк

Исклучително, забавна и посебно креативна посета имавме од познатиот готвач Шеф Марк. Готвачот со македонско потекло Марк де Јонг познат како Шеф Марк на покана на Витаминка еден ден помина во новата кујна приготвувајќи разни специјалитети со нашите производи. Во составувањето на менито и во приготвување на специјалитетите еднакво учествуваа и нашиот готвач Игор и неговите соработници.
Креативноста во комбинација со заедничките кулинарски вештини и широката палета производи, создадоа вкусни и ексклузивни и посебно уживање за вработените.
При подготовката на храната и дегустацијата Шеф Марк се дружеше со вработените и ги запозна со неговите техники на готвење и неодоливиот свет на вкусови при подготовка на специјалитетите.
За вработените оваа активност беше креативно доживување поради тоа што признатиот интернационален готвач Марк де Јонг навлезе во начините на креирање на рецептите и во сите тајни за единствените вкусови.









*Истражувања*

# Циркуларната економија во фокусот на учениците од средните училишта

Циркуларната економија што претставува, како до неа и кои се бенефитите беше во фокусот на истражувањата и изучувањата на учениците од средните општински училишта од Пелагонискиот регион. Нивните знаења беа презентирани на натпреварот што се одржа на 8 мај во Економскиот факултет во Прилеп.

Темата за циркуларната економија се покажа како предизвикувачка за средношколците, па така натпреварот побуди огромен интерес, учествуваа 22 тимови, односно 88 ученици од сите средни училишта кои што беа пријавени. Нивните знаења беа оценувани од жири комисија составена од претставници на локалната бизнис заедница, Комфи Ангел ДОО, Витаминка АД и Taskforce, сите од различен сектор на работа и различна индустрија. Покрај перцепцијата на ИТ индустријата и конфекцискиот сектор, циркуларната економија низ прехранбената и FMCG индустријата кај средношколците беше оценувана од страна на Сања Николоска, финансиски аналитичар планер-претставник на Витаминка во жири комисијата.

Победници на овој натпревар беа учениците од СОУ „Ѓорче Петров"– Прилеп под менторство на проф. Христина Петковска Димеска. На победничкиот тим му беше доделена награда во износ од 10.000 денари. Покрај наградата од Економскиот факултет Прилеп, на учесниците од победничкиот тим им беа врачени и ваучери од Пакомак во вредност од по 2.000 денари за секој ученик, одделно.



*Истражувања*

# Што сакаат потрошувачите истражуваат економистите од факултетите во Скопје и Прилеп

Малите слатки задоволства, неодоливи и примамливи затоа што не знаеме што кријат во себе, а секогаш спакувани во амбалажа што ни го задржува погледот, нивното височество чоколадните бонбониера беа предмет на истражување на студентите од Економски факултет во Скопје и во Прилеп.

Идните економисти, направија маркетинг истражување за чоколадните бонбониери кои се продаваат на домашниот пазар. Една од нив беше и бонбониераната на Витаминка Сори. Ги истражуваа свесноста за брендот, преференциите и ставовите на потрошувачите за бонбониерите.

Добиените резултати и заклучоците младите истражувачи ги презентирани пред претставници на компанијата, Владимир Трпаноски, комерцијален директор и Душица Неделкоска, маркетинг и ПР координатор. Добиените резултати од истражувањето и посебно гледиштата на студентите кои истовремено се и потрошувачи ќе дадат значаен придонес во зголемувањето на свесноста за брендот и на тој начин ќе ѝ помогнат на Витаминка за подобро позиционирање на овој понов производ кој сè уште не им е познат на потрошувачите.



*Вложуваме во културата*

# „Бистра вода" започна со прикажување

Со премиерата во Синеплекс започна со прикажување првата македонска крими-драма „Бистра вода". Серијата е инспирирана од вистински настани, а продуцент, сценарист и режисер на серијата е Јани Бојаџи.

Премиерата на првата епизода, што се одржа пред елитна публика од културниот и социјалниот живот беше само увертира во телевизиското прикажување што оди секоја недела на ТВ Алфа. На премиерата во Синеплекс беше присутна и Витаминка со чоколадите Happy, како еден од поддржувачите што помогна за создавање на серијата.

Ова е прва серија по подолго време во земјава, а жанровски е класифицирана како трилер со сериозни драмски елементи на крими-драма. Серијата се снимаше на повеќе од 50 локации во Скопје, но и низ државата. Актерската екипа ја сочинуваат над 70 актери од Македонија, меѓу кои Мони Дамевски, Јелена Жугиќ, Дејан Лилиќ, Зоран Љутков, Роберт Вељановски, Васил Зафирчев, Горан Стојановски, Владо Јовановски, Маја Љутков, Мето Јовановски, Јана Вељановска, Ирена Илиевска, Славица Манаскова, Рубенс Муратовски, Григор Јовановски и многу други. Од „Синемон медиа фактори" соопштуваат дека приказната во серијата е современа, исклучително актуелна, разработувајќи многу сегменти од општествениот, политичкиот и културниот живот во нашата држава последниве неколку декади, а ќе изобилува со карактери, односи и настани кои силно ја рефлектираат денешницата, блиското минато, а реферираат и на едно подалечно минато на македонскиот народ.



*Вложуваме во културата*

# Многу креативност и забава на настанот на ЦИА поддржан од Витаминка

Се одржа и второто издание на Центар за интердисциплинарни активности и помина со снимање краток филм, фотографирање, планинарење, работилница за дигитализација на филм и настап на „Баклава“ и Зарина Првасевда. Настанот во организација на ОПИУМ Филм, со одржа во селото Растојца, Демир Хисар, а е поддржан од Министерство за култура и Витаминка, а во соработка со Кинотека на Македонија, Кино Балкан, Бич Филм Фестивал, Фестивал за алтернативна фотографија Зрно, ПЕГ Турниме да кинисам и Персона Филм Продукција.




Второто издание за учесниците понуди прекрасни и инспиративни прошетки во природа опкружена со водопади, реки, планини и полиња. Целото тоа искуство беше дополнето со прекрасна slow food храна подготвена за време на самиот настан од страна на готвач со помош на сите учесници. Дополнително, учесниците имаа можност да проследат работилница за реставрација и дигитализација на филм како и да учествуваат во изработка на стоп анимација.

Исто така, за време на нивниот престој, учесниците заеднички беа дел од снимање на краток експериментален филм, сликање, фотографирање и планинарење. Се одржа работилница за современ танц, се креираше музика за експерименталниот филм, се дискутираше за креативна продукција… Учесниците имаа можност да практикуваат комбинирана техника на јога и чи гонг. Настанот се заокружи со  музички настапи на Зарина Првасевда и на Елена Христовска – Баклава.

Центарот за интердисциплинарни активности - ЦИА е номадска резиденција односно центар кој секоја година истражува нови простори, места и природа, каде учесниците  престојуваат,  работат, творат, истражуваат, разговараат, споделуваат, се запознаваат и остваруваат меѓусебни соработки.





*Вложуваме во културата*

# Фестивалот за деца „Силјан Штркот" повторно донесе радост за децата од Прилеп




Театарскиот фестивал „Силјан Штркот" уште еднаш долета во Прилеп и создаде волшебен свет за децата. Во четирите фестивалски дена, од 31-ви мај до 3-ти јуни беа изведени неколку театарски претстави, а сите деца и родители кои го посетија имаа уникатна можност да уживаат во вистински театарски остварувања. Беа изведени три претстави „Тоби" во изведба на актерите од Театарот за деца и младинци од Скопје, претставата „Рибарот и рипката" од Театар Колозов, „Јованче и Марика" од Театар Бабец од Битола а беше промовира и драмска литература за деца. Фестивалот се затвори со голема забава во режија на екипата на „Дајте музика".
Витаминка и оваа година го поддржа одржувањето на фестивалот и го збогати уживањето во претставите. Тука беше присутен со деценискиот омилен вкус на најмалите, младите и возрасните, Стоби Флипс и чоколадните школки Атлантис кои успеаја еднакво да им го привлечат внимание како и претставите но и да го и подгреат доброто расположение кај сите посетители.

*Вложуваме во културата*

# Нихон-џи 2.0 - културата на новото време



Нихон-џи фестивалот на јапонската култура минатата година се одржа за првпат и како еден поинаков поглед покажа зошто оваа култура привлекува толку внимание и зошто домашната публика од сите генерации беше воодушевена од тоа што го понуди. Од таа причина, препознавајќи ја ексклузивноста на едно вакво случување и потенцијалот да привлече широка публика, Витаминка е партнер и поддржувач и минатата и оваа година.



Богатата програма на „Нихон-џи 2.0 – Неонски бранови", овој пат се фокусираше на мноштвото контрадикции кои ги содржи јапонската култура, а кои сепак симбиотично и беспрекорно функционираат заедно креирајќи одличен рецепт за успех.
Публиката имаше можност да проследи презентации и работилници поврзани со традиционална и поп-култура како и панели на сериозни општествени и филозофски теми и технологија.

*Вложуваме во културата*

# Театарски претстави со вкус на Витаминка

Посебен празник во Прилеп е кога се одржува театарскиот фестивал „Војдан Чернодрински". Така беше и оваа година во текот на фестивалската седмица кога целиот град живееше во духот на театарската игра.
Во официјалната програма на фестивалот учествуваа 10 претстави, во програмата „Независна продукција што игра домашни автори" учествуваа пет претстави, а со дипломски претстави се претставија студентите од Факултетот за драмски уметности.



За најдобро уметничко остварување во целина е прогласена претставата „Се викам Медеја" (My Name is Medeja) на Народниот театар од Битола. Награда за најдобра режија доби Себастијан Хорват, за најдобра главна женска улога – Илина Чоревска, за најдобра музика – Драго Ивануша и за најдобар рекламен материјал – Сашо Илковски. Од другите награди добија скопскиот Драмски театар и претставата „Чудна случка со кучето во ноќта" кој што освои 5 награди, меѓу кои и за главна машка улога за Дамјан Цветановски и за најдобра женска епизодна улога за Емилија Мицевска. Наградени беа и Турскиот театар за претставата „Човек перница", како и Прилепскиот театар за „Мистерија Буфо" и на Театарот за деца и младинци, за „Роња, ќерката на ограбувачот". Наградата за современа сценска драматизација ја доби Лидија Митоска-Ѓоргиевска за „Мистерија Буфо". Исто така, беа доделени и наградите за млад актер „Трајко Чоревски" ја доби Хакан Даци за улогата на Катуриан во претставата „Човек перница" во изведба на Турскиот театар од Скопје, копродукција со „Машина продакшн" и „Пик продукција". За истата претстава, за улогата на Микаил, актерот Дин Ибрахим ја доби наградата за најдобра машка епизодна улога. Наградата за млада актерка ја доби Матеа Јанковска за Роња во „Роња, ќерката на ограбувачот" на Театар за деца и младинци од Скопје.

Витаминка го помогна одржувањето и на ова театарско издание. Со вкусни и слатки задоволства од широкиот асортиман на производи, Витаминка ја збогати атмосферата на годинешниот фестивал и ја заслади театарската атмосфера и победничкиот дух. Уште повеќе со поддршката на Витаминка се одржа последната забава од фестивалот како матине во чест на наградените, а на која присуствуваа и претставници од Витаминка.
Чест и задоволство е да се поддржи еден ваков квалитетен и културен настан, познат како најстар театарски фестивал во земјава.

*Вложуваме во културата*

# Македонскиот филм „Преекспонирано” собира пофалби на филмските фестивали




Македонскиот филм „Преекспонирано“ на Елеонора Венинова веќе од 27 април редовно се прикажува низ македонските кина. Додека пак светската премиера се случи на А фестивал во официјална конкуренција на Меѓународниот филмски фестивал во Каиро, кој се одржа од 13 до 22 ноември, минатата година. Потоа следи патот на „Преекспонирано“ низ најзначајните филмски фестивали, почнувајќи од Азиската премиера, која се одржа во склоп на Меѓународниот филмски фестивал во Пуне, Индија од 2 до 9 февруари оваа година. „Преекспонирано“ се прикажа и на новиот филмски фестивал Евразја во Варшава, Полска, а на фестивалот „КинЕст Фест“ во Катанија, Сицилија, ја доби специјална награда на фестивалот како „интелигентна и актуелна камерна претстава“, додавајќи дека ја доделиле специјалната награда поради „режисерското мајсторство на држење на тензијата во куќата помеѓу тројцата карактери“.
Улогите во ова исклучително филмско остарување ги толкуваат Камка Тоциновски, Благој Веселинов, Сара Климоска, Марјан Наумов. Кинематографер е Лев Предан Коварски, а музиката е на Линдзи Рајт, сценографија Срѓан Митровиќ, додека пак сценарио го напиша Елеонора Венинов. Монтажер е Гоце Кралевски, костимите се на Жаклина Крстевска, монтажер за звук: Дарко Спасовски, режија Елеонора Венинова, продуцент Гоце Кралевски (ДНФ ФИЛМС), ко-продуцент Мирјана Томиќ (ЛИЛИТ-Србија).
Филмот е поддржан од Агенција за Филм, Српски Филмски Центар и Еуримаж, а снимањето на филмот беше поддржано и од Витаминка.

*Вложуваме во културата*

# Со славни блуз имиња се одржа четвртото издание на „Котон блуз фестивал”

Со цел поддршка на секаков вид култура и уметност, Витаминка го помогна одржувањето и на „Котон блуз фестивал“. Во последните мајски вечери, во Младинскиот културен центар, се одржа блуз фестивалот со најславните имиња од оваа сцена.
Фестивалот го отвори маестралниот гитарист Мухамед Ибрахими, кој познат како музички феномен, барем според постоечките музички норми, бидејќи кај него има многу домашен блуз со подмножества од џез, ворлд, етно. Исто така, настапи и Мад Морганфилд од Чикаго, најстар син на еден од најславните блуз имиња на сите времиња, Мади Вотерс.




Истата вечер настапија и „Троја бенд“, чиј специјален гостин на вечерта им беше македонски гитарист Игор Атанасоски, попознат како Гуру Харе. Првата фестивалска вечер кулминираше со настапот на данското трио „Трејнмен блуз“, добитници на повеќе европски блуз-награди и познати по тоа што имаат современ пристап со соул зачин на изведба на блуз музиката. Ади Имери, гитарист и мултиинструменталист, брилираше на втората вечер со соло-перформанс инспиририран од американската госпел песна популаризирана од Блајнд Вили Џонсон (Blind Willie Johnson), кој го посветил животот на свирење госпел и блуз музика. Фестивалот го затвори специјалниот гостин од Чикаго, Мад Морганфилд, со енергичен чикашки блуз звук, како спој од неговиот авторски материјал со песни на неговиот култен татко Мади Вотерс. Странските музичари беа придружувани од македонските, локалните музичари, Никола Петровски (гитара), Сашо Ѓорѓевски (усна хармоника), Оливер Јосифовски (бас), Горан Попоски (тапани) и Филип Димишковски (клавијатури).
Целиот фестивал беше збогатен со ликовна колонија создадена од ликовниот и музички уметник Игор Станоевски заедно со уметниците Трајче Павлов, Боро Арсовски и Драган Милованов. За време на концертите, паралелно имаше и ликовно творештво како и изложба на делата.

*Вложуваме во образованието*

# Рекордно учество на Државна олимпијада по германски јазик

На годинешната Државна олимпијада по германски јазик за учениците од основните училишта, учествуваа повеќе од 275 деца - љубители на германскиот јазик и култура. Децата се натпреваруваа во четири категории од шесто до деветто одделение и уште еднаш потврдија дека навистина фразата Deutsch macht Spaß (Германски е забавно) не е само обична изрека, туку реалност.

Натпреварот се одржа во Прилеп, во централното основно училиште „Кочо Рацин“, а домаќините - тимот на наставници при ООУ „Кочо Рацин“ - Прилеп предводени од наставничките по германски јазик и директорката на училиштето Јулијана Тренкоска, се погрижија овој настан да биде спомен за кој сите уште долго ќе зборуваат и кој ќе го паметат.
Натпреварот се одржа со поддршка од Гете-Институтот Скопје кој го понуди форматот на настава и натпреварувачките активности. Меѓутоа, целосната реализација на натпреварот ја овозможи Витаминка, како спонзор и редовен поддржувач на едукативни активности.
Честитки на добитниците на награди и на сите учесници, за постигнатите резултати, вложениот труд и придонес кон промовирање на германскиот јазик и култура.

*Вложуваме во образованието*

# Кога се учи од најдобрите

Витаминка како центар на кондиторската индустрија во земјава и воопшто како најголем капацитет за производство на храна е место каде се одвива едукација на повеќе генерации. Производните погони, процесите и стратегиите кои ги имплементираме се предмет на изучување на ученици и студенти од целата држава



Во изминатиот период, во посета на Витаминка беа учениците од СОУ Ѓорче Петров Прилеп, ОУ Кочо Рацин Прилеп, ОУ Пецо Даскало Долнени, ОУ Климент Охридски Прилеп, ОУ Петар Поп Арсов Скопје, ОУ Кире Гаврилоски Јане Прилеп, ОУ Кочо Рацин Прилеп како и ученици од неколку училишта од Охрид, Македонски Брод и од Кавадарци. А тука беа и децата од Градинка Тризла, на кои најинтересно им беше како се произведува омилениот Стоби флипс.



Гимназијалците од Мирче Ацев Прилеп и Марија Склодовска Кири Скопје, учеа и набљудуваа посложени процеси, а додека пак студентите од Економски факултет Прилеп, беа заинтересирани за деловните и развојни стратегии, стандарди и патот по кој помина Витаминка за денес да биде лидер на пазарот во Македонија.

Исто така, во посета на Витаминка преку Еразмус проекти беа и ученици од други држави кои, исто така однесоа позитивни импресии.

Заеднички за сите беше возбудата и радоста од Витаминка пакетчињата кои ги добиваа на заминување.





*Вложуваме во образованието*

# Со Стоби Флипс се учи полесно и позабавно

Децата на македонци иселеници во Германија со посебна љубов и ентузијазам посетуваат дополнителна настава за да го изучуваат македонскиот јазик. На овие часови, исто така, тие ги следат и одбележуваат сите македонски празници, верски или национални, при што учат за македонската историја и култура.

Одбележувањето на изминатиот голем празник Велигден помина во знакот на Стоби флипс. Додека посветено и со многу внимание децата ја подготвуваат велигденската приредба посебен поттик и инспирација им даде Стоби флипс.
Компанијата испрати пакети со производи со што децата посебно се израдуваа со Стоби флипс.
Учењето, креирањето и воопшто се, оди многу полесно и позабавно кога е придружено и дополнето со неограничени количини Стоби флипс.















*Вложуваме во спортот*

# Цевитана даде дополнителна енергија на Балканското првенство во џудо



Во прекрасното и единствено Крушево, во височините скоро до облаците и меѓу традицијата и културата што толку слоевито ги носи овој град, се одржа и Балканското првенство во џудо за кадети и кадетки. Ова натпреварување се одржува по пет години пауза што уште повеќе го поттикна ентузијазмот и ги подгреа желбите за поголеми резултати.

Балканското првенство во џудо за кадети и кадетки се одржа под закрила на Балканската џудо федерација и оваа година имаше рекорден број учесници, 400 индивидуални учесници и гости од вкупно 12 земји. Одржувањето на првенството беше поздравено и од претседателот на Џудо федерацијата на Македонија, Владимир Трпаноски.
Младите кадети и кадетки се натпреваруваа и се бореа за докажување на вештината што ја совладале. Ја продолжија мисијата и она што најдобро го знаат, преку џудото како спорт и култура да постигнат најдобри резултати и да ја продолжат оваа традиција. Покажаа дека џудото е спорт што сплотува, обединува и поттикнува, а Цевитана беше тука да ги освежува и да им дава дополнително енергија.

Во екипна конкуренција златото го освои репрезентација на Босна и Херцеговина, со сребро се закитија репрезентативците на Романија а бронзениот медал им припадна на Турција и Грција.

*Вложуваме во спортот*

# Илина со Стоби флипс освојува медали




Младата Илина Соколовска е една од поуспешните гимнастичарки во Германија. Со родителите веќе со години живее таму, и сите досегашни успеси, златни, сребрени и бронзени медали што ги освојувала, ги освојува за Германија. Но Илина подеднакво и на секој можен начин ги брани и боите на татковината. Таа е голем обожавател на Стоби флипс и вели дека постојано има по некое пакетче при рака. Пред и после секој натпревар или тренинг нејзиниот омилен флипс е Стоби флипс.



А пак Стоби флипс секогаш ги поддржува најдобрите, спортистите, особено помладите генерации кои всушност ја креираат нашата иднина.
Илина постигнува врвни резултати во ритмичка гимнастика и еден од последните нејзини успеси е влез во финалето на германскиот куп во Вестербург. Нејзината перфектна кореографија ги импресионираше судиите, а Стоби флипс продолжува да ја поддржува оваа талентирана девојка и понатаму во нејзините потфати и успеси.




*Вложуваме во спортот*

# Се одржа 4тиот Голф-турнир „Витаминка опен" во Запрешиќ, Хрватска

Во Запрешиќ, Хрватска во организација на прилепската компанија се одржа 4тиот турнир во голф „Витаминка опен". На турнирот учествуваа околу 30 натпреварувачи, професионални и рекреативни голфери, од Хрватска кои се натпреваруваа за првото место и признание во официјалното голф рангирање. Ова е четврт пат да се организира „Витаминка опен" и стана веќе традиција. Бројот на натпреварувачи и учесници секоја година се зголемува што зборува за популарноста на овој спорт.
Турнирот се одржа на терените на Голф центарот Нови двори во Запрешиќ, во близина на Загреб, а беше во организација на Голф клубот Бан Јелачиќ. Турнирот привлече големо внимание, а покрај љубителите и поддржувачите, имаше и претставници на фирми од Хрватска кои активно соработуваат со Витаминка.

Идејата за создавање на традиционалниот голф турнир произлегува од посветеноста на компанијата кон поддршка на спортските активности и секаков вид спорт, индивидуален или колективен. Овој настан е уште една потврда за развиената општествена одговорност на Витаминка за поддршка на спортски и граѓански манифестации и иницијативи како во Македонија, така и надвор од неа.





*Вложуваме во спортот*

# Девојките од New generation dance studio се натпреваруваа во Сараево



Девојките од Студиото за модерни танци Dance studio New Generation се натпреваруваа на Интер денс фест Сараево. Во главниот град на Босна и Херцеговина, Сараево, во текот на четирите дена се натпреваруваа со едни од најдобрите школи и клубови за модерни танци од европскиот континент.
Точно 23 девојки од Прилеп се претставија со 5 формации во Опен, Хип Хоп, Стрит Денс и со многу соло настапи во Стрит денс и Хип хоп. Тие танцуваа и се натпреваруваа со најсилната конкуренција, а се дружеа со омилениот Стоби флипс, кој и овој пат беше нивна поддршка.

Студиото за модерни танци Dance studio New Generation прерасна во симбол на новата генерација на Прилеп, вљубеници во музиката и ритмот на современата игра и промотор на новата маинстрим култура.
Со честите настапи надвор од земјава покрај што се натпреваруваат и со тоа го надградуваат своето реноме и вештини, тие уште и се промотери на градот Прилеп и се што доаѓа од овој град.

*Промоции*

# Модата во функција на зачувување на планетата земја

Учениците од СОУ Ѓорче Петров на креативен и инвентивен начин го искажаа својот став за општествениот ангажман и за свесноста на еколошките теми. Тие „Денот на планетата земја", 5ти јуни го одбележаа со традиционалната модна ревија но овој пат тематски дефинирана како "Trash Fashion".

Задачата беше предизвикувачка но многу инвентивна и креативна, изработка на креации од рециклирачки отпад и тука Витаминка го даде својот придонес во реализација на идеите и во спојот на естетиката и идејата. Амбалажите од Стоби флипс, Магнус, совршено се вклопија во модерниот стајлинг и изглед и со тоа беше испратена моќна порака.

На модната ревија се претставија повеќе групи ученици кои што продефилираа низ просторот во училиштето каде што се одржуваше самиот настан.





*Промоции*

# Со поддршката од Атлантис, Калиопи ја промовира новата песна „Знам"

Песната насловена како „Знам" беше промовирана и во Скопје и во Белград и ја привлече музичката јавност од сите околни земји. Дуетот на Калиопи и Жељко Самарџиќ и видео записот на песната инстантно предизвикаа воодушевување од публиката која песната ја класификува како безвременска.

Песната излезе од музичката работилница на Ромео Грил кој е комплетен автор на музиката, текстот и аранжманот и продуцент. По промоциите беше објавена и на официјалните канали на Јутјуб и веќе има над 500 000 прегледи. Како што велат Калиопи и Жељко Самарџиќ, тие постојано добиваат пораки и комплименти за песната од целиот регион.

Спотот за песната, целосно снимен во Кочани, го направи Александар Ристовски-Принц, кој со маестрална умешност успеа да ја проследи со слика приказната што песната ја раскажува и создаде прекрасен спот. Во оваа поезија со зборови, ноти и слики, свое место најдоа и чоколадните школки Атлантис, со чија поддршка се реализира сето ова.



# CHOOSE YOUR HAPPINESS FOR THE DAY

Промоции





















*Информатор*












STOBI










CEVITANA
Вкус/Shije
Црвен портокал/
Portokall i kuqërremtë
6,5L
CEVITANA
Вкус/Shije
Лимон/Limoni
ВИТАМИНСКИ ГРАНУЛИ
GRANULE VITAMINASH
500 g
6,5L
9
CEVITANA
Вкус/Shije
Портокал/Portokali
500 g
6,5L
9
Вкус/Shije
Ананас/Ananasi
Вкус
Манго
500 g
ТВОЈАТА
СВЕЖА
СТРАНА